Смрт на фашизмот — слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ“-Скопје. Огласи по тарифата

СКОПЈЕ
Четврток, 12 јули 1956
Број 20 Година XII

Претплатата за 1956 год. изнесува 800 дин. Овој број чини 40 динари
Чековна сметка број 802-Т-698

**164.**

На основа член 75 ст. 1 од Уставниот закон за основните на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, Извршниот совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ОДРЕДУВАЊЕ УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ЛИЦАТА ШТО ПРИМААТ ИЛИНДЕНСКА ПЕНЗИЈА НЕМААТ ДОСТАТОЧНО СРЕДСТВА ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Во смисла на чл. 2 ст. 1 од Законот за илинденските пензии лица кои немаат доставочно средства за издржување се сметаат:

а) лица кои немаат никакви приходи како и лица кои имаат катастарски приход до 4.000 динари по член на домаќинството годишно;

б) лица кои имаат катастарски приход преку 4.000 до 8.000 динари по член на домаќинството годишно; и

в) лица кои имаат катастарски приход преку 6.000 дин. до 8.000 динари по член на домаќинството годишно.

Член 2

Лицата што ги исполнуваат условите од Законот за илинденските пензии имаат право на илинденска пензија во следниот процент од досега примапиот износ на илинденските пензии и тоа:

а) лица кои немаат никакви приходи како и лица кои имаат катастарски приход до 4.000 динари по член на домаќинството годишно, имаат право на Илинденска пензија 100% од досегашниот износ на илинденската пензија;

б) лица кои имаат катастарски приход преку 4.000 дин. до 6.000 динари по член на домаќинството годишно, имаат право на Илинденска пензија од 75% од досегашниот износ на Илинденската пензија;

в) лица кои имаат катастарски приход преку 6.000 дин. до 8.000 динари годишно, имаат право на Илинденска пензија во 50% од досегашниот износ на Илинденската пензија.

На лицата под б) и в) пензијата не може да се намалува испод 1.000 динари (една илјада).

Член 3

Илинденски пензионери кои имаат катастарски приходи над 8.000 динари по член на домаќинството годишно се сметаат за лица кои имаат достаточно средства за издржување и на истите спрема тоа им се обуставува исплата на Илинденска пензија.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ“, а ќе се применува од 1-VIII-1956 година.

ИС бр. 212
2 јули 1956 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Љупчо Арсов, с. р.**

---

**165.**

На основа Одлуката за правото на упис на факултетите на свршените ученици од средните училишта за општо образование („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 26/55 г.), а по предлог на Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје, Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ПРИЕМНИ ИСПИТИ ЗА УПИС НА НОВИ СТУДЕНТИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ

I.

На Медицинскиот факултет во Скопје може да се запишат лица кои ги исполнуваат условите одредени со Општиот закон за универзитетите и прописите донесени на основа тој закон а по успешно положениот приемен испит.

Приемниот испит претставува проверување на претходната спрема и способност за студирање на Медицинскиот факултет.

II.

Програмот за приемниот испит на Медицинскиот факултет го изработува факултетската управа, а го потврдува факултетскиот совет во согласност со Универзитет-

скиот совет и истиот се објавува на видно место.

III.

Приемните испити се усни или писмени, или усни и писмени, а се полагаат пред Комисија што ја образува факултетската управа од редот на факултетските наставници.

IV.

Приемните испити се јавни.

V.

Роковите за поднесување пријави за полагање на приемни испити како и времето за полагањето, го одредува Универзитетскиот совет на Универзитетот во Скопје.

VI.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ".

ИС бр. 145
30 мај 1956 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Љупчо Арсов,** с. р.

**166.**

На основа член 13 став 2 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија, Извршниот совет го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ШКОЛСТВО

I. Во републичкиот Совет за школство се именуваат:

1) за Претседател МИЉОВСКА ДЕСА, доцент на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје;

2) за членови од редот на граѓаните:

— ЛЕВКОВ ДИМЧЕ, вонреден професор на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје;

— СОКОЛОВСКИ МЕТОДИЈА, директор на Институтот за национална историја;

— МИХАЈЛОВ ИЛИЈА, доцент на Земјоделско-шумарскиот факултет на Универзитетот во Скопје;

— МИНАНОВА МАРА, народен пратеник;

— ДИМИЌ НАТАЛИЈА, професор на Вишата педагошка школа во Скопје;

— РАМО ШУКРИ, новинар од Скопје;

— КИРОВСКИ ПАНЧЕ, доцент на Економскиот факултет на Универзитетот во Скопје;

— ПОПОВСКИ КОЛЕ, директор на Учителската школа во Скопје.

II. Ова решение влегува во сила веднаш.

ИС бр. 217
27 јуни 1956 година
Скопје

**Извршен совет**

Секретар, Претседател,
**Киро Георгиевски,** с. р. **Љупчо Арсов,** с. р.

**167.**

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА НАРОДЕН ПРАТЕНИК НА СОБОРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ ВО ИЗБОРНАТА ОКОЛИЈА ТЕТОВСКА II

До Народното собрание на НРМ
— Собор на производителите —
Скопје

Републичката изборна комисија ги прими изборните акти од дополнителните избори за избор народен пратеник на Соборот на производителите на Народното собрание на Народна Република Македонија во производителната група на индустријата, трговијата и занаетчиството во Изборната околија Тетовска II, та во смисла на чл. 160 во врска со чл. 149 и 121 од Законот за правата и должностите, изборот и отповикувањето на народните пратеници на Народното собрание на Народна Република Македонија, го поднесува следниот

ИЗВЕШТАЈ

1. Дополнителните избори за избор народен пратеник на Соборот на производителите Народното собрание на Народна Република Македонија во производителната група на индустријата, трговијата и занаетчиството, во изборната околија Тетовска II, одредени со одлуката на Соборот на производителите на Народното собрание на НРМ од 26-IV-1956 година, се одржани на 17 јуни 1956 година.

2. Со спроведувањето на изборите под надзор на Републичката изборна комисија раководеше Околиската изборна комисија за Тетовска околија, именувана со решението на Републичката изборна комисија, бр. 1 од 15 септември 1953 година.

3. Гласањето е вршено за кандидатот Гавровски Гоцев Томо, од Тетово, чија што кандидатура беше потврдена од Околиската изборна комисија за Тетовска околија, а објавена од Републичката изборна комисија, под бр. 42 од 31 мај 1956 година во „Службен весник на НРМ", бр. 15 од 31 мај 1956 година.

4. Околиската изборна комисија го утврди резултатот на изборите на начинот пропишан во чл. 147—148 од Законот за пра-

вата и должностите, изборот и отповикувањето на народните пратеници на Народното собрание на Народна Република Македонија.

Резултатите од изборот е следен:

| | | |
|---|---|---|
| Членови на изборното тело | 16 | 898 |
| Гласале членови на изборното тело | 9 | 494 |
| За кандидатот ГАВРОВСКИ ЃОЦЕВ ТОМО | 9 | 494 |
| Неважни гласачки ливчиња | — | — |

Врз основа на ова Околиската изборна комисија го прогласи за народен пратеник на Соборот на производителите на Народното собрание на Народна Република Македонија (група на индустријата, трговијата и занаетчиството) ГАВРОВСКИ ЃОЦЕВ ТОМО ,од Тетово.

Број 46
19-VI-1956 година
Скопје

**Републичка изборна комисија**

Зам. Секретар, **Тома Лазаров,** с. р.

Претседател, **Асен Групче,** с. р.

# ОГЛАСЕН ДЕЛ

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Наиме Усеинова Гегова, по татко Мемедова, од с. Раброво — Гевгелија, подаде тужба за развод на бракот против Усеин Гегов, од с. Конче, сега во неизвесност.

Се поканува тужениот Усеин Гегов во срок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ", да се јави во овој суд или одреди свој застапник. Во противен случај ќе му биде одреден старател кој на денот на расправата ќе го застапува на негови разноски.

Од Окружниот суд во Скопје, Г. бр. 174/56. (55)

Али Исмаилов Асанов, од Крива Паланка, поднаде тужба за развод на бракот против Назифе Алилова Асанова, по татко Јусеинова, родена во Струга, а сега во неизвесност со непознато место на живеење.

Се повикува тужената во срок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ", да се јави во судот или ја соопшти својата адреса. Во противен случај ќе ѝ биде одреден старател кој на денот на расправата ќе ја застапува на нејзини разноски.

Од Окружниот суд во Скопје, Г. бр. 520/56. (56)

Хамиде Јусуф Махмуд, од Скопје, ул. „118" бр. 19, поднесе тужба за развод на бракот против Јусуф Махмуд, во неизвесност.

Се поканува тужениот во срок од еден месец од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ", да се јави лично во судот или ја соопшти својата адреса. Во противен случај ќе му биде одреден старател кој ќе го застапува на негови разноски.

Од Окружниот суд во Скопје, Г. бр. 575/55. (66)

### ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Мира Петрова Појразова, по татко Атанасова, од с. Куклиш подаде тужба за развод на бракот против мажот ѝ Петар Наков Појразов, од с. Куклиш, сега во Канада со непозната адреса.

Како местожителството и сегашната адреса на тужениот се непознати, се повикува во срок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ", да се јави или одреди свој застапник. Во противно судот по службена должност му го одредува за застапник Александар Денков, судија при Околискиот суд во Штип, и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, Г. бр. 214/52. (68)

### ОКОЛИСКИ СУД ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

Околискиот суд во Титов Велес објавува дека на ден 3-IX-1956 год. во просториите на судот ќе се одржи јавна продажба на куќата во ул. „Владимир Назор" бр. 46 во Титов Велес. Границите на истата се: од исток Димко Чифтов, од запад Диме Двориштанец, од север Трајче Сутинов и од југ улица.

Условите можат да се разгледаат во судот.

Најниската прифатлива понуда е 400.000 дин., а кауцијата изнесува 10% од вредноста.

Се поканува секое лице кое има некое право на куќата, што ја спречува продажбата, да го пријави на судот најдоцна до почетокот на продажбата. Во противно, тоа право не ќе може да се оствари на штета на купецот.

Се ставува во знаење дека лицата за кои во текот на продажбата ќе се установат некои права или терети ќе бидат обавестувани, само ако живеат на подрачјето на овој суд.

Од Околискиот суд во Титов Велес, Р. бр. 845/54 (62)

При овој суд се води граганско дело по тужбата на Димчева Алатмана, од с. Новачани, против Димчев Лазо, со непознато местожителство за оспорување на очинство.

Се поканува тужениот Димче во срок од 30 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ", да се јави на судот или достави точна адреса. Во противен случај судот ќе му одреди застапник.

Од Околискиот суд во Титов Велес, Г. бр. 72/55 (64)

### ОКОЛИСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

По молбата на Аце Т. Петровски, од Прилеп овој суд води постапка за поништување (аморти-

зирање) на полисите бр. 437485/936 и бр. 469859/937 и двете на бившото осигурително друштво „Унион“ со седиште во Париз. По првата полиса е осигурен животот на молителот Аце на 20.000 дин., а по другата на 30.000 дин.

Се повикува секој еден при кого се горните полиси да ги поднесе на судот во срок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ“. Во противен случај, судот и двете ќе ги прогласи за амортизирани.

Од Околискиот суд во Прилеп, Р. бр. 459/56. (58)

## ОКОЛИСКИ СУД ВО СТРУМИЦА

Околискиот суд во Струмица објавува дека при истиот е покрената оставинска расправа по оставината на пок. Глигор Стојков, од с. Хамзалиј, Општина — Босиловска — Штипско.

Согласно чл. 133 од Законот за наследување се покануваат лицата што полагаат право на наследство од пок. Глигор да се јават во овој суд и дадат наследнички изјави во срок од една година од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на НРМ“. Во противен случај, во колку никој од наследниците не се јави во определениот срок, ќе се прогласи за наследник надлежниот народен одбор.

Од Околискиот суд во Струмица, О. бр. 169/55. (65)

# РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 2-IV-1956 год. под рег. бр. 453, на страна 1258 е запишано под фирма: Фабрика за електротехнички уреѓаи и прецизна механика „Искра“ — Крањ — Претставништво во Скопје. Предмет на послувањето на претставништвото е: ќе склучува договори за испорака на електротехнички уреѓаи и прецизна механика, производство на Фабрика „Искра“ — Крањ.

Претставништвото е основано од Работничкиот совет на Фабриката „Искра“ — Крањ, со записник од 18-XI-1955 год., а одобрено од НО на Општината „Идадија“ — Скопје, со решение бр. 2069 од 22-II-1956 год.

Раководител на претставништвото е Владов Славко.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1698/56. (429)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 2-IV-1956 год. под рег. бр. 455, на страна 1262 е запишан под фирма: Фабрика за електротехнички уреѓаи и прецизна механика „Искра“ — Крањ — Технички сервис во Скопје. Предмет на послувањето на сервисот е: врши постројување, поправка и одржување на електротехничките уреѓаи и други производи произведени од Фабриката „Искра“ — Крањ.

Сервисот е основан од Работничкиот совет на Фабриката „Искра“ — Крањ, со записник од 18-XI-1955 год., а одобрено од НО на Општината „Идадија“ — Скопје, со решение бр. 2069 од 22-II-1956 г.

Раководител на сервисот е Владов Славко.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1700/56. (430)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 2-IV-1956 год. под рег. бр. 454, на страна 1260 е запишана под фирма: Фабрика за електротехнички уреѓаи и прецизна механика „Искра“ — Крањ — Продавница во Скопје. Предмет на послувањето на продавницата е: врши продажба на електротехнички уреѓаи и прецизна механика.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Фабриката „Искра“ — Крањ, со записник од 18-XI-1955 год., а одобрено од НО на Општината „Идадија“ — Скопје со решение бр. 2069 од 22-II-1956 год.

Раководител на продавницата е Владов Славко.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1699/56. (431)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19-III-1956 год. под рег. бр. 456, на страна 1264 е запишана задругата под назив: Општа земјоделска набавно продајна задруга „Согласие“, со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на задругата е: продажба на кожарски занаетчиски производи како и алати и материјали за кожарско производство.

Задругата е основана согласно одобрението на НО на Општината „Кале“ — Скопје, бр. 2689 од 5-III-1956 год. Истата ќе ја потпишуваат раководителот Ангеле Мингов, сандалџијата Стојан Митровски, службеникот Александар Илиевски и книговодителот Ангеле Васевски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1657/56. (432)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 16-I-1956 год. под рег. бр. 426, на страна 1156 е запишана под фирма: Занаетчиска набавно продајна задруга „Македонија“ — Скопје, Продавница во Скопје. Предмет на послувањето на продавницата е: врши продажба на намештај од сите видови столарски производи, дрвен материјал, алати и прибор.

Продавницата е основана од Управниот одбор на Занаетчиската задруга „Македонија“ — Скопје со записник бр. 14 од 12-X-1955 год., а одобрено од НО на Општината „Кале“ — Скопје со решение бр. 5170 од 16-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1437/56. (442)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 1-VII-1955 год. под рег. бр. 315, на страна 823 е за-

пишано под фирма: Фискултурно производително снабдително претпријатие „Спорт“, со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на претпријатието е: продажба на секаков вид производи од кондурациското, сарачкиот и шивачкиот занает.

Претпријатието е основано согласно решението на ГНО — Скопје, бр. 10604 од 27-VIII-1948 год. Истото ќе го потпишуваат директорот Цика Сима, комерцијалистот Панче Саздов и благајникот Славка Никова.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 317/55. (445)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 9-IV-1956 год. под рег. бр. 460, на страна 1278 е запишана под фирма: Заедница на претпријатијата за промет со жита на НРМ, со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на заедницата е: да ја согласува работата на членовите на заедницата на своето подрачје, да обезбедува евиденција на купувањето, продажбата и запасите на житата и преработките на своите подрачје, да се грижи за извршување на налозите што ги издава Сојузната управа за исхрана во смисла на член 4 став 2 од горе споменатата Уредба, да се грижи за обезбедување достаточни количини мелнички производи, да се грижи за спроведување на мерките на државните органи што го регулираат прометот со жита и преработки, да го следи пазарот на житата и предлага мерки за унапредување на прометот со жита, да им помага на задружните претпријатија во организирањето и унапредувањето на работата.

Заедницата е основана од Извршниот совет на НРМ, бр. 300 од 8-XI-1955 год. Истата ќе ја потпишува директорот Ѓоко Михајловски и директорот на стопанско-рачунскиот сектор Љубомир Прошев.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1720/56. (454)

## ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТАРОТ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 20-XII-1955 год. под рег. бр. 260, на страна 741 е запишано следното: досегашните потписници на Занаетчиската лебо-пекарска задруга „Напредок“ — Гевгелија, Јани Чурлинов и Коста Зајков се разрешени од должност од 20-XII-1955 год. од која дата им престанува правото задругата да ја потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица: Ѓорѓи Аризанов, раководител, Хаџимитров Коста и Чурлинов Ѓорѓи, членови на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1377/55. (39)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-XII-1955 год. под рег. бр. 3, на страна 20 е запишано следното: Цветан Атанасов, досегашен потписник на Земјоделската задруга „Блаже Сандев“, с. Радање — Штипско, е разрешен од должност и на негово место е назначен за потписник продавачот Цане Кочев Минов.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 304/55. (156)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23-I-1956 год. под рег. бр. 2, на страна 24 е запишано следното: досегашниот Трговски дуќан „Загреб“ — Делчево, прерасна во Трговско претпријатие на мало и големо. Истото ќе се бави со купопродажба на мешани индустриски стоки во внатрешниот промет, а ќе го потпишуваат директорот Стојан Спиров Христовски и книговодителот Милан Цветков Грбиќ.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 17/56. (171)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 7-II-1956 год. е запишано следното: избришан е од регистарот на стопанските организации Трговскиот дуќан „Кременик“, с. Злетово, бидејќи на основа решението на НО на Општината — Пробиштип, бр. 2918 од 12-I-1956 год. е присоединет кон Трговското мешовито претпријатие „Злетовица“, — Злетово.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 43/55. (176)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 2-II-1956 год. под рег. бр. 2, на страна 150 е запишано следното: Стевков Петар, досегашен раководител на Откупната станица „Градинар“ — Струмица, е разрешен од должност и на негово место е назначен за раководител Мито Божинов кој е овластен станицата да ја потпишува.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 26/56. (195)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организаци на 27-I-1956 год. под рег. бр. 107, на страна 283 е запишано следното: фирмата на Трговското претпријатие на мало за промет со колонијални стоки „Исхрана“ — Кавадарци се менува и гласи: Трговско претпријатие на мало со колонијални стоки „Прибор“ — Кавадарци.

Претпријатието ги презема обврските и правата на престанатиот да постои трговски дуќан на мало за промет со индустриски и колонијални стоки „Слога“, с. Ваташа, избришан од регистарот од рег. бр. 99, страна 257.

Предмет на работата на претпријатието е: трговија на мало со животни прехрани и предмети за кујни потреби, алкохолни и безалкохолни пијалоци (во затворени шишиња), мешани индустриски и колонијални стоки (во села), жита и мелнички преработки, а согласно решението на НО на Општината — Кавадарци, бр. 7336 од 31-XII-1955 год. Истото ќе го потпишуваат в. директорот Ѓорѓи

Јосифов, книговодител Тодора Тасева и продавачот Тодор Митрев.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1515/56. (219)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-XII-1955 год. под рег. бр. 40, на страна 155 е запишано следното: Младенов Бојан, досегашен потписник на Земјоделската задруга „Гоце Делчев", с. Туралево — Кумановско, е сменет од должност од 15-XII-1955 год. од која дата му престанува правото задругата да ја потпишува.

За претседател на задругата е избран Стојко Стефанов кој задругата ќе ја потпишува од 15-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1371/55. (223)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 4-VI-1955 год. под рег. бр. 155, на страна 425 е запишано следното: покрај досегашните потписници на Фабриката за шавни цеви и лимени конструкции „11 октомври" — Куманово се овластува и Нетков Михајло, комерцијален директор, кој фабриката ќе ја потпишува од 4-VI-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1008/55. (226)

---

Окружниот стопанскис уд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 3-VIII-1955 год. под рег. бр. 53, на страна 137 е запишано следното: Кимевски Трифун, досегашен потписник на Трговскиот дуќан „Илинден" — Куманово, е разрешен од должност од 3-VIII-1955 год. од која дата му престанува правото дуќанот да го потпишува.

За потписник на дуќанот е назначен Драги Бојковски кој дуќанот ќе го потпишува од 3-VIII-1955 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1131/55. (227)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-IX-1955 год. под рег. бр. 11, на страна 21, е запишано следното: Мечкаров Васил, досегашен директор на Земјоделското услужно претпријатие Титов Велес, е разрешен од должност од 10-IX-1955 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место односно за директор на претпријатието е назначен Пешовски Трајко, кој истото ќе го потпишува од 10-IX-1955 год.

Претпријатието и понатаму ќе го премопотпишува книговодителот Јаневски Дончо.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1200/55. (239)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-III-1955 год. под рег. бр. 162, на страна 423 е запишано следното: за раководител на Претпријатието за меѓународна шпедиција и јавни складишта „Југошпед" — Белград — Испостава во Гевгелија, е назначен Делидинков Петар кој испоставата ќе ја потпишува од 8-III-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 565/55. (263)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8-III-1955 год. под рег. бр. 7, на страна 21 е запишано следното: за раководител на Вараждинската текстилна индустрија „Вартекс" — Вараждин — Продавница во Куманово, е назначен Илиевски Драган кој продавницата ќе ја потпишува од 8-III-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 578/55. (266)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 24-VIII-1955 год. под рег. бр. 167, на страна 435 е запишано следното: со решение на НО на Гевгелиска околија бр. 3371 од 22-IV-1955 год. Угостителското претпријатие „Дојранско Езеро" од с. Стари Дојран — Гевгелија, е ставено под принудна управа.

За принуден управител е назначен Ристо Костадинов кој од 24-VIII-1955 год. е разрешен од должност.

Новоназначениот принуден управител Лазар Гелебешев е овластен претпријатието да го потпишува од 24-VIII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1175/55. (272)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 24-II-1956 год. под рег. бр. 181, на страна 481 е запишано следното: Арсовски Душко, досегашен директор на Трговското претпријатие на големо „Колонијал" — Скопје, е разрешен од должност од 24-II-1956 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место односно за в. д. директор на претпријатието е назначен Ѓорѓи Бојаџиев кој претпријатието ќе го потпишува од 24-II-1956 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1607/56. (273)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27-II-1956 год. под рег. бр. 32, на страна 99 е запишано следното: Шатев Апостол, досегашен раководител на Претпријатието за увоз и извоз на хемиски производи „Хемпро" — Белград — Претставништво во Скопје, е разрешен од должност од 27-II-1956 год. од која дата му престанува правото претставништвото да го потпишува.

Новоназначениот раководител Спасиќ Спасоје е овластен претставништето да го потпишува од 27-II-1956 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1610/56. (274)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 4-III-1955 год. под рег. бр. 198, на страна 529 е запишано следното: согласно решението на НО на Тиквешка околија бр. 18728 од 18-II-1955 год. фирмата на Околиското лозарско претпријатие „Лоза" — Кавадарци се менува и гласи: Земјоделско машинско услужно претпријатие „Лоза" — Кавадарци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 640/55. (278)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 31-I-1956 год. под рег. бр. 144, на страна 368 е запишано следното: Трговско претпријатие на мало за промет со колонијални стоки „Слобода" — Тетово, ги презима обврските и правата на престанатите и избришаните од регистарот на стопанските организации трговски дуќани и тоа: Самостојниот трговски дуќан за промет со колонијални стоки „Бело Езеро" Тетово, рег. бр. 18, страна 41; Трговскиот дуќан за колонијал „Балтепе" — Тетово, рег. бр. 186, страна 505; Самостојниот трговски дуќан за колонијални стоки „Караташ" — Тетово, рег. бр. 79, страна 181 и Трговското претпријатие на мало „Сарај" — Тетово, рег. бр. 9, страна 23.

Предните измени се извршени согласно решението на НО на Општината — Тетово, бр. 2020 од 17-X-1955 год. Предмет на работата на претпријатието е: трговија на мало со колонијални стоки.

На досегашниот директор Слободан Ѓорѓевски од 31-I-1956 год. му престанува правото претпријатието да го потпишува.

На негово место се назначени следните лица: Кенан Али Нуки, директор и Младен Божиновски, службеник, кои претпријатието ќе го потпишуваат од 31-I-1956 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1549/56. (275)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25-XII-1954 год. под рег. бр. 151, на страна 411 е запишано следното: досегашните потписници на Претпријатието за експлоатација на неметални суровини и руди „Вулкан" — Куманово, Хамит Таки, директор и Бранко Димановски, секретар се разрешени од должност од 25-XII-1954 год. од која дата им престанува правото претпријатието да го потпишуваат.

За потписници на претпријатието се назначени следните лица: Бранислав Симовски, директор и Коста Анастасовски, шеф на книговодството, кои истото ќе го потпишуваат од 25-XII-1954 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 542/54. (279)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 7-VII-1955 год. под рег. бр. 151, на страна 411 е запишано следното: согласно решението на НО на Кумановска околија бр. 8479 од 15-VI-1955 год. фирмата на рударското претпријатие „Вулкан" — Куманово се менува и гласи: Претпријатие за камени производи „Базалт" — Куманово.

Исто така и досегашниот директор на претпријатието Бранислав Симоновски е разрешен од должност од 7-VII-1955 год. од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

За директор на претпријатието е назначен Влашко Антевски кој истото ќе го потпишува од 7-VII-1955 год.

Претпријатието и понатаму ќе го премопотпишува книговодителот Коста Атанасовски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1081/55. (280)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14-II-1956 год. под рег. бр. 2, на страна 120 е запишано следното: избришано е од регистарот на стопанските организации Задружното трговско претпријатие „Боровец" с. Блатец — Кочани, бидејќи со решението на НО на Општината—Виница бр. 5915 од 23-XII-1955 год. е присоединето кон Општата земјоделска задруга „Момин Преслап" с. Блатец.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 53/56. (179)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 1-II-1956 год. под рег. бр. 2, на страна 39 е запишано следното: Стојан Ристов Јованов, досегашен управник на Земјоделската задруга „Оризово Поле" с. Прибачево — Кочани, е разрешен од должност и на негово место согласно решението на Управниот одбор на задругата е назначен за управник Благој Николов Ивановски кој ќе ја потпишува истата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 23/56. (180)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14-II-1956 год. под рег. бр. 2, на страна 116 е запишано следното: избришано е од регистарот на стопанските организации Задружното индустриско претпријатие „Езериште" с. Блатец — Кочани, бидејќи со решението на НО на Општината — Виница, бр. 5915 од 23-XII-1955 год. е присоединето кон Општата земјоделска задруга „Момин Преслап" с. Блатец.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 51/56. (181)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 2-II-1956 год. под рег. бр. 2, на страна 58 е запишано следното: на основа решението на Народниот одбор на Општината — Струмица, бр. 2806 од 28-XI-1955 год. се дополнува дејноста на Градското трговско претпријатие „Исхрана" — Струмица и со трговија на големо и мало со прехранбени артикли,

предмети за куќни потреби, производи врз база на шеќер и какао, како и производи од домашна дејност без уметнички занаети.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 25/56. (198)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-XII-1955 год. под рег. бр. 2, на страна 6 е запишано следното: се проширува дејноста на Трговското претпријатие „Плачковица" Штип и со: обавување трговска дејност на големо на подрачјето на Штипска околија, а согласно решението на НО на Штипска околија, бр. 4319 од 9-XI-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 348/56. (202)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-I-1956 год. под рег. бр. 2, на страна 4 е запишано следното: се проширува дејноста на Околиската земјоделска аптека — Штип, и со: трговска дејност на големо, а согласно решението на НО на Штипска околија, бр. 6017 од 20-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 2/56. (203)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-I-1956 год. под рег. бр. 443, на страна 1214 е запишано следното: Мино Костовски, технички раководител досегашен потписник на Фабриката за оксиген „Лепенец" — Ѓорче Петров, е разрешен од должност од 12-I-1956 год. од која дата му престанува правото фабриката да ја потпишува.

Новоназначениот потписник Вељо Трпевски е овластен фабриката да ја потпишува сметано од 12-I-1956 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1420/56. (210)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-I-1956 год. под рег. бр. 157, на страна 409 е запишано следното: Трговското претпријатие на мало за емиш и зарзават „Јагода" Кавадарци се брише од регистарот на стопанските организации при овој суд од рег. бр. 157, страна 409 и неговите права и обврски ги превзима Трговското претпријатие на мало за промет со зарзават и овоштие „Зеленчук" — Кавадарци, а согласно решението на НО на Општината — Кавадарци бр. 7275 од 31-XII-1955 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1419/56. (214)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 7-XII-1954 год. под рег. бр. 65, на страна 173 е запишано следното: на досегашниот потписник на Трговскиот дуќан „11 октомври" — Куманово Митовски Воислав му престанува правото дуќанот да го потпишува од 7-XII-1954 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 468/54. (224)

---

Народниот одбор на Општината Титов Велес распишува

## ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

со писмена понуда за изградба на една станбена зграда со 30 станови во град Титов Велес, со претсметковна вредност во износ 30,000.000 дин.

Наддавањето ќе се одржи на ден 27 јули 1956 година, во 9 часот, во просториите на Одделението за комунални работи, соба бр. 16.

Условите и други информации заинтересираните можат да ги добијат во Одделението за комунални работи, соба бр. 16 или на тел. 61, секој ден од 6—13 часот.

**Од Народниот одбор на Општината Титов Велес**

---

## ЛИКВИДАЦИЈА

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-V-1956 год. под рег. бр. 52, на страна 119 е запишано следното: со решение на НО на Општината — Тетово, бр. 2085 од 31-I-1956 год. Бирото за проектирање од Тетово, е ставено во редовна ликвидација.

За членови на ликвидационата комисија се назначени следните лица: Томче Гавровски, за едател на комисијата, Бранко Димитриевски, тар за член, и Тошо Симовски, книговодител ен и ликвидатор.

властено лице да го потпишува Бирото е Тоимовски, ликвидатор.

ч Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1912/56. (634)

---

## СОДРЖИНА


Страна

164. Уредба за одредување условите под кои се смета дека лицата што примаат Илинденска пензија немаат достаточно средства за издржување — — — — — — 337
165. Одлука за воведување приемни испити за упис на нови студенти на Медицинскиот факултет — — — — — — — — 337
166. Решение за именување претседател и членови на републичкиот Совет за школство 338
167. Извештај на Републичката изборна комисија за дополнителните избори за народен пратеник на Соборот на производителите на Народното собрание на НРМ во изборната околија Тетовска II — — — 338


**Издавач**: „Службен весник на Народна Република Македонија" новинско издавачко претпријатие — **Скопје, ул „29 ноември"**. Одговорен уредник **II. Јаневски.** Пошт. фах 51. Тел. 19-86. Чековна сметка **при Народната банка — Скопје, бр. 802-Т-698** **Печатница „Гоце Делчев" II — Скопје.**